Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 519/2
13-12-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-519/1 од 29.09.2022 година поднесена од [redacted] од Делчево против СОУ "Методи Митевски Брицо" - Делчево, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 13.12.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" – Делчево врз [redacted].

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-519/1 од 29.9.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" – Делчево.

Подносителката на претставката, [redacted] е вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо" – Делчево како професор по француски јазик од 2012 година. Во првичните наводи на претставката [redacted] истакнува дека поради тоа што поседува бугарска лична карта и се изјаснува како Бугарка трпи голгота во поглед на тоа што со години работи на третина или пола работно време. Понатаму, таа истакнува дека токму поради тоа што е Бугарка никогаш не е ставена како класен раководител во школото, каде што професори вработени после нејзе се веднаш ставени како класни раководители на определени класови. Во продолжение е наведено дека поради нејзината етничка припадност никогаш школото не ја ангажирало за проекти, активности, обуки, ниту пак како член во уписна комисија или член во комисија за самоевалуација.

Понатаму, подносителката тврди дека во 2021 година има земено 6 часа администрација на е – дневник, а дека школото не и обезбедило ниту лаптоп ниту телефон за исполнување на овие задачи иако истите претставуваат ангажман после работното време.

Последно, подносителката истакнува дека испратила претставка до инспектор, којштo утврдил повреда на закон и нерегуларности во прераспределбата на едно работно место за кое би можела таа да биде прераспределена, но според неа инспекторот не им укажал на грешките бидејќи се работело токму за неа.

Што се однесува на неназначувањето на подносителката како класен раководител, од училиштето велат дека имаат 23 паралелки и 47 наставници, што значи дека не сите наставници можат истовремено да бидат и класни раководители. Тие го изнесуваат фактот дека за класни раководители се назначуваат наставници кои имаат полн фонд на часови од причина што треба постојано да бидат достапни за учениците. Ова не е случај со [redacted] која има неполн фонд на часови.

Дополнително се негираат и наводите околу неангажирањето на подносителката на проекти и обуки, така што се вели дека за истите се ангажираат наставници кои се заинтересирани, а на сите кои досега побарале да присуствуваат тоа им било овозможено. [redacted] од друга страна, во досегашното нејзино работно искуство не побарала ниту јавила интерес да биде дел од проекти и обуки.

Исто така, по одлука на претходниот директор и биле дадени 3 наставни часови за одржување на интегрираната база на податоци (ЕСАРУ), веб страницата на училиштето, како и други обврски поврзани со компјутерската работа во училиштето, се со цел да и се овозможат поголем фонд на часови. Следствено на ова, а во врска со нејзиното тврдење дека не и бил обезбеден компјутер со пристап до интернет, училиштето вели дека располага со таблети и компјутери кои се достапни за сите вработени и по барање на секој наставник им се овозможува да ги користат.

Конечно, тие наведуваат и дека единствената нерегуларност која е утврдена со вонредниот инспекциски надзор била во врска со пропуштањето да се наведе правната поука во решението кое и било доставено на подносителката, како и фактот што истото не ги содржело работните задачи за тековната учебна година, односно не биле опишани паралелките и бројот на часови кои требала да ги предава. Сепак, констатирано е дека ваков бил случајот и кај другите вработени.

Од наводите на претставката и произнесувањето по истата од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не можат да се најдат факти и аргументи за извршена дискриминација. Имено, се констатира дека кон подносителката на претставката нема нееднаков третман во однос на другите професори вработени во СОУ "Методи Митевски Брицо". Впрочем, не можат да се најдат факти дека училиштето има некакви сознанија во однос на етничката припадност на [redacted] односно нејзиното изјаснување како Бугарка. Истото се докажува со пријавата за задолжително социјално осигурување (М1/М2 образецот) во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, каде во секцијата - припадност на заедница именуваната е заведена како Македонка. Дотолку повеќе, училиштето СОУ "Методи Митевски Брицо" сторило и дополнителни напори во правец на решавање на проблемот со неполн фонд на часови на подносителката. Следствено, Комисијата не утврди никакво прекршување на право, кое резултирало со понеповолно, односно нееднакво постапување кон подносителката.
Оттука произлегува дека во конкрениот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" врз [redacted].

Скопје
13.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- СОУ "Методи Митевски Брицо" со адреса на бул. М.М. Брицо бр. 35, 2320 Делчево
- Општина Делчево со адреса на ул. Светозар Марковиќ бр. 1, 2320 Делчево